**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
**МИНИСТЕРСТВО ЗА ЕКОНОМИЈА**

УП I бр. 25-36
20.04. 2016 година
Скопје

Министерот за економија врз основа на член 56 став (1) од Законот за возила („Службен весник на Република Македонија“ бр. 140/08, 53/11, 123/12, 70/13, 164/13, 138/14, 154/15, 192/15 и 39/16) постапувајќи по барањето поднесено од ТДТИА Центар за возила ЦВО ДОО Охрид и Предлогот за овластување за техничка служба доставен од органот за одобрување со УП I бр.25-36 од 25.03.2016 година, донесе:

## РЕШЕНИЕ
## ЗА ОВЛАСТУВАЊЕ ЗА ТЕХНИЧКА СЛУЖБА

1. СЕ ОВЛАСТУВА ТДТИА Центар за возила ЦВО ДОО Охрид, за техничка служба лоцирана во станицата за технички преглед на ул.15 Корпус бр.292 - Охрид, за вршење на стручни работи во постапка на:

а) Единечно одобрување на возило од категориите L, M, N, O, T и R, согласно член 2 став 1 и став 3 алинеја 3 од Правилникот за единечно одобрување на возило („Службен весник на Република Македонија“ бр.16/10, 62/10, 105/10, 13/11, 39/11, 169/11, 185/11, 84/12, 132/12, 153/12, 59/13, 138/13, 29/14, 35/14, 119/14 и 168/14);

б) Одобрување на преправено и поправено возило од категориите M и N, согласно Правилникот за одобрување на преправени и поправени возила („Службен весник на Република Македонија“ бр.7/10) и тоа за:

- возило на кое поради промена, или реконструкција, или преадаптирање на матично или претходно надградената каросерија, односно доопремувањето со соодветни уреди, се преправа, од еден вид во друг вид, или варијанта или изведба (од товарно во патничко и обратно, од отворено во затворено и обратно) согласно член 6 точка 1 од овој правилник;
- возило на кое е променет бројот на седиштата со дополнително вградување или отстранување на седишта од внатрешноста на каросеријата, или е променета насоката на поставеност на седиштата согласно член 6 точка 4 од овој правилник;
- возило на кое променет матично, односно претходно вградениот погонски мотор со мотор од друг вид или тип, или со мотор кој има друга карактеристика (силина, зафатнина, или еколошки параметри) согласно член 6 точка 10 од овој правилник;
- дополнително е вграден уред за погон на возилото на компримиран или течен гас, согласно член 7 точка 1 од овој правилник;
- паралелни команди поради адаптирање на возилото за обука на возачи (авто школи) согласно член 7 точка 3 од овој правилник;
- дополнително е вграден уред за спојување на влечното и приклучното возило (приклучен уред), согласно член 7 точка 4 од овој правилник;
- дигалка, пумпа за преточување, платформа за натоварување и растоварување на превезуваниот товар, влечно витло и сл согласно член 7 точка 5 од овој правилник; и
- дополнително се вградени заштитни фолии или обоено стакло како заштита од сонце, согласно член 7 точка 13 од овој правилник;

в) Инспекција при утврдување и втиснување на идентификациони ознакина возила (број на шасија и број на мотор) согласно член 15 од Правилникот за формата и содржината на образецот на барањето за доделување на идентификациска ознака (број на шасија) и формата и содржината на евиденцијата за издадени одобренија и на начинот и постапката на обележување и поништување на идентификациските ознаки и/или моторот на возилото („Службен весник на Република Македонија" бр.101/13)

2. Решението за овластување за техничка служба на ТДТИА Центар за возила ЦВО ДОО Охрид УП I бр.25-70 од 01.06.2015 година, престанува да важи.

3. Ова решение влегува во сила со денот на донесување.

## О Б Р А З Л О Ж Е Н И Е

Согласно член 56 став (2) од Законот за возила, ТДТИА Центар за возила ЦВО ДОО Охрид, поднесе барање бр.1609-306/1 од 15.03.2016 год. за издавање на предлог за овластување за техничка служба до органот за одобрување – Биро за метрологија, поради проширување на опсегот на акредитација, односно дополнување на Сертификатот за акредитација. Органот за одобрување по спроведената постапка, до Министерството за економија достави Предлог за овластување за техничка служба бр. 1609-306/3 од 25.03.2016 година со целокупната документација и барањето на ТДТИА Центар за возила ЦВО ДОО Охрид заверено под број УП I бр.25-36 од 25.03.2016 година. ТДТИА Центар за возила ЦВО ДОО Охрид бара да се овласти за техничка служба на инспекциското место во станицата за технички преглед на ул.15 Корпус бр.292 – Охрид. за вршење на стручни работи во постапка на:

а) Единечно одобрување на возило од категориите L, M, N, O, T и R, согласно член 2 став 1 и став 3 алинеја 3 од Правилникот за единечно одобрување на возило и Правилникот за техничките барања за системите, составните делови, самостојните технички единици, опремата, димензиите и вкупните маси и осното оптоварување на возилата („Службен весник на Република Македонија" бр.21/10);

б) Одобрување на преправено возило од категориите M и N, согласно член 6 точка 1, 4 и 10 и член 7 точка 1, 3, 4, 5 и 13 од Правилникот за одобрување на преправени и поправени возила и

в) Инспекција при утврдување и втиснување на идентификациони ознакина возила (број на шасија и број на мотор) согласно член 15 од Правилникот за формата и содржината на образецот на барањето за доделување на идентификациска ознака (број на шасија) и формата и содржината на евиденцијата за издадени одобренија и на начинот и постапката на обележување и поништување на идентификациските ознаки и/или моторот на возилото.

Со барањето се поднесени следните документи:

- Предлогот за овластување за техничка служба доставен од органот за одобрување – Биро за метрологија бр.1609-306/3 од 25.03.2015 година;
- Копија од Сертификатот за акредитација на инспекциско тело со број ИТ-060 со важност до 15.03.2020 година и неговиот Прилог кон Сертификатот за акредитација од 02.03.2016 година, издаден од Институтот за акредитација на Република Македонија,
- Доказ за тековната состојба со број 0805-50/150320160001386 издаден од Централен регистар на Република Македонија;

- Доказ за стручна подготовка и обрасци М1/М2 на вработениот стручен кадар, кај правното лице: дипл. маш. инж. Пејчиновски Тони; дипл. маш. инж. Милошевски Миле; дипл. инж. за електротехника Алан Каоу; дипл. сообраќаен инж. Ангеловски Игор; дипл. сообраќаен инж. Неделкоски Игор; дипл. сообраќаен инж. Неделковски Игор; сообраќаен техничар Петрески Наум и контролор на техн. преглед Ристески Злате;
- Доказ за сопственост на деловен објект, имотен лист бр.86 препис, сопственик ТДТИА Центар за возила ЦВО Охрид ДОО;
- Доказ за техничка опременост-Извештај бр. 036-1/15 од 23.11.2015 година за извршена контрола на функционалност и исправност на мерилата и контролните уреди од ДПС ДОО Аутоинструмент;
- Доказ за осигурување од професионална одговорност, Полиса бр.990000055442 од Триглав Осигурување АД со важност до 18.04.2017 год.;
- Доказ за позитивен бонитет-Бонитет на сметка за субјектот ТДТИА„Центар за возила ЦВО Охрид" ДОО издаден од Охридска Банка А.Д.Скопје од 10.03.2016 година;
- Уплатница за уплатена административна такса во износ од 2.000,00 денари, по тарифен број 101, на образец ПП50, согласно член 37 од Законот за административни такси

Министерството за економија, постапувајки по поднесеното барање изврши увид во доставената документација и одредбите од Законот за возила, Правилникот за единечно одобрување на возило, Правилникот за одобрување на преправени и поправени возила и Правилникот за техничките барања за системите, составните делови, самостојните технички единици, опремата, димензиите и вкупните маси и осното оптоварување на возилата и Правилникот за формата и содржината на образецот на барањето за доделување на идентификациска ознака (број на шасија) и формата и содржината на евиденцијата за издадени одобренија и на начинот и постапката на обележување и поништување на идентификациските ознаки и/или моторот на возилото, утврди дека барањето е основано.

Врз основа напред изнесеното, а согласно член 56 став (1) од Законот за возила се донесе решение како во диспозитивот.

Таксата од член 37 со тарифен број 156 од Законот за административни такси („Службен весник на Република Македонија" бр.17/93, 20/96, ... , 6/10 и 145/10) во износ од 2.000,00 денари, е залепена на поднесокот и поништена.

УПАТСТВО ЗА ПРАВНО СРЕДСТВО: Против ова решение незадоволната странка може да поведе управен спор пред Управен суд во рок од 15 дена од денот на приемот на решението.

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА МИНИСТЕРСТВО ЗА ЕКОНОМИЈА СКОПЈЕ

МИНИСТЕР,
Driton Kuqi